SONY

4-462-816-**12**(1) (MK)

АУДИОСИСТЕМ ЗА ДОМАШНА УПОТРЕБА

Упатства за употреба

Почеток

Репродукција на диск/USB

Пренос на USB

Приемник

Bluetooth

Прилагодување на звукот

Други постапки

Дополнителни информации

SHAKE-5

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да се намали ризикот од пожар или електричен шок, не изложувајте го апаратот на дожд или на влага.

За да го намалите ризикот од пожар, не покривајте го отворот за вентилација на апаратот со весници, прекривки, завеси итн.

Не изложувајте го уредот на извори на отворен оган (на пример, запалени свеќи).

Не изложувајте го уредот на капење или прскање и не поставувајте предмети наполнети со течност врз него, како на пример, вазни за да го намалите ризикот од пожар или електричен удар.

Поврзете го уредот со лесно достапен штекер за наизменична струја бидејќи главниот приклучок се користи за да се исклучи уредот од довод за напојување.

Ако забележите неправилности во делот, веднаш исклучете го главниот приклучок од штекерот за наизменична струја.

Не поставувајте го уредот во ограничен простор, како полица за книги или вграден шкаф.

Не изложувајте ги батериите или уредите со поставена батерија на прекумерна топлина, како на пример, сончева светлина или оган.

Уредот не е исклучен од главната електрична мрежа сè додека е поврзан во штекерот за наизменична струја, дури и ако самиот уред е исклучен.

Оваа опрема е тестирана со кабел за поврзување пократок од 3 метри при што е утврдено дека е усогласена со ограничувањата поставени во Директивата EMC.

ВНИМАНИЕ

Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста од повреда на очите.

Овој апарат е класифициран како производ од CLASS 1 LASER. Овој знак е лоциран на надворешна страна одзади.

Кога го отстранувате пакувањето или ракувате со голем и/или тежок звучник, ракувајте со уредот со помош на двајца или повеќе луѓе. Испуштањето на уредот може да предизвика лична повреда и/или штета на сопственоста.

За потрошувачите во САД

Забелешки на сопственикот

Бројот на моделот и сериските броеви се поставени на задната страна на уредот. Забележете ги овие броеви во дадениот простор подолу. Повикајте се на нив секојпат кога ќе контактирате со продавачот на Sony за овој производ.

Број на моделот _____

Сериски бр. _____

Овој симбол е наменет за да го предупреди корисникот за присуство на „опасен напон“ во опкружувањето на производот што може да е доволно голем за да претставува ризик од електричен шок.

Овој симбол е наменет за да го предупреди корисникот за присуство на важни оперативни и одржувачки (сервисни) упатства во литературата што го придружува овој уред.

Важни безбедносни упатства

1) Прочитајте ги овие упатства.
2) Чувајте ги овие упатства.
3) Внимавајте на сите предупредувања.
4) Следете ги сите упатства.
5) Не користете го овој апарат во близина на вода.
6) Чистете само со сува крпа.
7) Не блокирајте ги отворите за вентилација. Монтирајте во согласност со упатствата на производителот.
8) Не монтирајте во близина на извори на топлина како што се радијатори, панели за греење, печки или други апарати (вклучително и засилувачи) кои испуштаат топлина.
9) Не спречувајте ја безбедносната намена на поларизираниот или заземјувачкиот приклучок. Поларизираниот приклучок има два метални дела едниот поширок од другиот. Заземјувачкиот приклучок има два метални дела и трет заземјувачки заб. Широкиот метален дел или третиот заб е даден за ваша безбедност. Ако електричниот приклучок не влегува во штекерот, консултирајте се со електричар за заменување на застарениот штекер.
10) Заштитете го електричниот кабел за да не се гази врз него или да не се приклештува особено кај приклучоците, погодните штекери и местото каде што тие излегуваат од апаратот.
11) Користете приклучоци/додатоци назначени само од производителот.
12) Користете само со приколка, држач, троножец или маса назначени од производителот или што се продаваат со апаратот. Кога се користи приколка, внимавајте кога ја поместувате комбинацијата приколка/апарат за да избегнете повреди од превртување.

13) Исклучете го апаратот од штекер при невреме или кога нема да се користи долг период.
14) За поправка обратете се само кај квалификуван персонал. Поправките се потребни кога апаратот на кој било начин е оштетен, како што е оштетување на доводниот електричен кабел, кога е истурена течност или во апаратот паднале предмети, апаратот бил изложен на дожд или влага, не работи нормално или бил испуштен.

Следната FCC-изјава важи само за верзијата на овој модел произведен за продажба во САД. Другите верзии може да не се во согласност со техничките прописи на FCC.

ЗАБЕЛЕШКА:

Оваа опрема е тестирана и е во согласност со ограничувањата за дигитален уред од класа Б, согласно со Дел 15 до Правилата на FCC. Овие ограничувања се дизајнирани за да дадат разумна заштита од штетни попречувања во домашна инсталација. Оваа опрема создава, користи и може да ослободува радиофреквентна енергија и ако не се инсталира и користи во согласност со овие упатства, може да предизвика штетни пречки во радио комуникациите. Сепак, во посебна монтажа нема гаранција дека нема да настанат пречки. Ако опремата предизвикува штетни пречки на радио или телевизискиот прием, што може да се утврди со вклучување и исклучување на опремата, се поттикнува корисникот да ги поправи пречките со една или повеќе од следните мерки:

– Преориентирајте или преместете ја антената.
– Зголемете ја раздвоеноста помеѓу опремата и приемникот.

– Поврзете ја опремата во штекер на коло различно од колото каде што е поврзан приемникот.
– Консултирајте се со продавач или искусен радио/ТВ-техничар за помош.

ВНИМАНИЕ

Бидете предупредени дека какви било промени или модификации кои не се јасно одобрени во ова упатство може да го анулираат вашето овластување за управување со оваа опрема.

За поврзување на компјутерите домаќини и/или периферните уреди со цел да се почитуваат ограничувањата на FCC за емисија, мора да се користат соодветно заштитени и вземјени кабли и приклучоци.

Опремава не смее да се постави до и не смее да се ракува со други антени или предаватели.

Опремава е во согласност со ограничувањата за изложување на радијација на FCC претходно поставени за неконтролирана околина и ги следи упатствата на FCC за изложување на радиофреквенции во Додатокот C до OET65. Опремава има многу ниски нивоа на радиофреквентна енергија што треба да ги следи без евалуација на максималното дозволено изложување (MPE). Сепак, пожелно е опремата да се постави и да работи на растојание од најмалку 20 cm или повеќе меѓу радијаторот и телото на личноста (не вклучувајќи ги екстремитетите: дланките, зглобовите, стапалата и глуждовите).

За потрошувачите во Европа

Фрлање стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската Унија и во други европски земји со засебни собирни системи)

Овој симбол на производот или на неговата амбалажа посочува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа, треба се предаде на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и за здравјето на луѓето кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства. Контактирајте со локалната месна заедница, со канцеларијата за отстранување домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу неговото рециклирање.

Фрлање на потрошените батерии (применливо во Европската Унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)

Овој симбол на батеријата или на пакувањето посочува дека батеријата што се доставува со овој производ не треба да се третира како домашен отпад. Кај определени батерии овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.

Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативните последици врз животната средина и врз здравјето на човекот, коишто инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај кога производите бараат трајно поврзување со вметната батерија заради безбедност, функционалност или интегритет на податоците, истата треба да ја замени само квалификувано лице.
За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи правилно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање електрична и електронска опрема.
Погледнете го поглавјето за тоа како безбедно да ја отстраните батеријата од производот за сите други видови батерии. Предадете ја батеријата на применливото збирно место за рециклирање потрошени батерии.
Контактирајте со локалната месна заедница, со компанијата за отстранување на домашниот отпад или со продавницата каде што го купивте производот за подетални информации околу рециклирањето на овој производ или на батеријата.

Напомена за потрошувачите: Следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат Директивите на ЕУ.

Овој производ е произведен од или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan.
Прашањата поврзани со усогласеноста на производот со законодавството на Европската Унија треба да се упатат до овластениот претставник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во засебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата.

Со ова, Sony Corp., изјавува дека оваа опрема е во согласност со суштинските барања и другите важни одредби од Директивата 1999/5/EC.
За детали, посетете ја следната веб-адреса: http://www.compliance.sony.de/

CE

За потрошувачите во Австралија

Фрлање стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската Унија и во други европски земји со засебни собирни системи)

Известување за лиценци и заштитени трговски знаци

- „WALKMAN“ и логото „WALKMAN“ се регистрирани заштитени знаци на Sony Corporation.
- Технологијата за аудиокодирање MPEG Layer-3 и патентите се под лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Windows Media е регистриран трговски заштитен знак или заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Овој производ е заштитен со определени права на интелектуална сопственост на Microsoft Corporation. Забранета е употреба или дистрибуција на таква технологија надвор од овој производ без дозвола од Microsoft или од овластена филијала на Microsoft.
- Ознаката *Bluetooth*® и логоата се регистрирани заштитни знаци во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секаква употреба на тие ознаки од страна на Sony Corporation е под лиценца. Другите заштитени знаци и заштитени имиња се оние на нивните соодветни сопственици.
- Ознаката N е заштитен знак или регистриран заштитен знак на NFC Forum, Inc. во Соединетите Американски Држави и во други земји.
- Android е заштитен знак на Google Inc.
- Сите други заштитни знаци и регистрирани заштитни знаци се на нивните соодветни сопственици. Во ова упатство, ознаките ™ и ® не се назначени.

Содржина

Водич за делови и контроли 8

Почеток

Безбедно поврзување на системот 11

Поставување на звучниците 13

Поставување на часовникот 13

Репродукција на диск/USB

Репродукција на диск 13

Пред користење на USB-уредот со овој систем 14

Репродукција на USB-уред 14

Барање песна или аудиодатотека (Барање песна).....15

Употреба на режим за репродукција 15

Пренос на USB

Пренос на музика 17

Приемник

Слушање радио 20

Bluetooth

За безжичната технологија *Bluetooth* 22

Безжично слушање музика на уред со *Bluetooth* 22

Поставување на кодексите за аудио на *Bluetooth* 26

Поставување/откажување на режимот на подготвеност на *Bluetooth*.....26

Прилагодување на звукот

Приспособување на звукот.....27

Создавање сопствен звучен ефект 27

Создавање атмосфера на забава (DJ EFFECT) 28

Други постапки

Аматерско пеење 28

Промена на шемата на осветлување на звучниците и бојата.....28

Користење на тајмерите 29

Промена на приказот 30

Употреба на изборна опрема.....31

Деактивирање на копчињата на уредот (Забрана за деца) 31

Поставување/откажување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност (Само за европскиот модел) 32

Дополнителни информации

Дискови што се репродуцираат 32

Веб-локации за компатибилни уреди 33

Решавање проблеми 33

Пораки 39

Мерки за претпазливост.....40

Спецификации.....42

Водич за делови и контроли

Во ова упатство се објаснети постапките што се прават преку далечинскиот управувач, но истите постапки може да се изведат и преку копчињата на уредот што имаат исти или слични имиња.

Уред



Далечински управувач RM-AMU163



1 **I/⏻ (вклучено/во режим на подготвеност)**

Вклучете го системот или поставете го во режим на подготвеност.

2 **MUSIC, MOVIE/GAME, FOOTBALL**

Изберете го претходно поставениот звучен ефект (страница 27).

Уред: BASS BAZUCA (страница 27)

Притиснете за да го изберете ефектот BASS BAZUCA.
Држете за да го изберете ефектот BASS CUT.

3 **↑/↓/←/→**

Изберете ги ставките на менито.

🗀 +/– (изберете папка)

Изберете папка на MP3-диск или USB-уред.

◀◀/▶▶ (брзо премотување назад/напред)

Држете за да најдете точка во песна или датотека во текот на репродукцијата.

I◀◀ /▶▶I (назад/напред)

Изберете песна или датотека.

TUNING+/–

Изберете ја саканата станица.

■ (прекини)

Прекинете ја репродукцијата.
Притиснете двапати за да ја откажете продолжената репродукција на USB-уредот.

Уред: ENTER

Далечински управувач: ⊕

Внесете ги поставките.

Уред: ▶II (репродукција/пауза)

Далечински управувач: ▶ (репродукција)*, II (пауза)

Започнете или паузирајте репродукција.
За да продолжите со репродукцијата, притиснете ▶II или ▶.

4 **Уред: VOLUME/DJ CONTROL**

Прилагодете ја јачината на звукот.
Прилагодете го нивото на DJ EFFECT (страница 28).
Не може да го користите регулаторов за да ја прилагодите јачината на звукот кога е активирано DJ EFFECT.

Далечински управувач: VOLUME +/–*

Прилагодете ја јачината на звукот.

Далечински управувач: DJ CONTROL +/–

Прилагодете го нивото DJ EFFECT.

5 **Носач на дискот**

6 **⏏ OPEN/CLOSE**

Вметнете или извадете диск.

7 **N (N-ознака) (страница 23)**

Индикатор на точката на допир за комуникација на блиски полиња (NFC).

8 **LED PATTERN (страница 28)**

Сменете ја шемата на осветлување на звучниците и уредот.

LED COLOR (страница 28)

Сменете ја шемата на бои на звучниците и уредот.

9 **OPTIONS**

Влезете или излезете од менито со опции.

10 **CD**

Изберете ја функцијата CD.

Уред: USB/USB SELECT
Далечински управувач: USB

Изберете ја функцијата USB.
Изберете го USB-уредот поврзан на портата ψ A или ψ B во текот на функцијата USB.

Уред: TUNER/BAND

Изберете ја функцијата TUNER. Изберете го опсегот за FM или AM во текот на функцијата TUNER.

Уред: AUDIO IN

Изберете ја функцијата TV/DVD/SAT или PC/GAME.

Далечински управувач: FUNCTION

Изберете функција.

11 **Панел за приказ**

12 **Долен панел (страница 12)**

13 **REC TO USB B**

Пренесете на изборниот USB-уред којшто е поврзан на портата ψ B.

14 **Порта ψ B (REC/PLAY) (USB)**

Поврзете и пренесете на изборен USB-уред.

15 **Приклучок MIC**

Поврзете микрофон.

MIC LEVEL (MIN/MAX)

Прилагодете ја јачината на звукот на микрофонот.

16 **Порта ψ A (PLAY) (USB)**

Поврзете изборен USB-уред.

17 **FLANGER, ISOLATOR, SOUND FLASH, PHASER (страница 28)**

Изберете го типот DJ EFFECT.

18 **Сензор за далечинскиот управувач**

19 **BLUETOOTH (страница 22, 24)**

Притиснете за да ја изберете функцијата *Bluetooth*.
Држете за да вклучите спарување со *Bluetooth* во текот на функцијата *Bluetooth*.

20 **SLEEP (страница 29)**

Поставете го тајмерот за спиење.

21 **REPEAT/FM MODE**

Слушајте диск, USB-уред, единствена песна или датотека повторливо (страница 17).
Изберете го режимот за FM-прием (моно или стерео) (страница 20).

22 **DISPLAY**

Сменете ги информациите на панелот за приказ.

23 **SEARCH/TUNER MEMORY**

Влезете или излезете од режимот на барање.
Меморирајте ја радиостаницата (страница 21).

24 **CLEAR**

Избришете го последниот чекор од програмскиот список.

25 **TIMER MENU (страница 13, 29)**

Поставете ги часовникот и тајмерите.

26 **PLAY MODE/TUNING MODE**

Изберете го режимот за репродукција на AUDIO CD, MP3-диск или USB-уред (страница 15).
Изберете го режимот на бирање (страница 20).

* Копчињата VOLUME + и ► имаат опиплива точка. Користете ја опипливата точка како референца кога управувате со системот.

Безбедно поврзување на системот



A Антени

Најдете локација и насока што обезбедуваат добар прием кога ги поставувате антените.
Поставете ги антените подалеку од каблите за звучниците, кабелот за напојување и кабелот за USB за да избегнете појава на шум.



B Звучници

– Терминали TWEETERS/WOOFERS и SUBWOOFERS

Приклучоците на звучниците се шифрирани со бои како соодветните терминали за звучници на уредот.

Пример:



Забелешки

- Осигурете се дека ги користите само доставените звучници.
- Кога ги поврзувате каблите на звучниците, вметнете го приклучокот директно во терминалот.

– Терминали LED SPEAKER

Поврзете го приклучокот LED SPEAKER на звучникот на овој терминал.
Осветлувањето на звучниците ќе реагира според музичкиот извор. Може да ја изберете шемата на осветлување и бојата по ваша желба (страница 28).

Пример:



C Приклучоци AUDIO IN

Користете аналоген аудиокабел (не се доставува) за да ги поврзете приклучоците за аудиоизлез на следнава опрема. Звукот се емитува преку овој систем.

– TV/DVD/SAT L/R

Поврзете на телевизор или аудио/видеоопрема.

– PC/GAME L/R

Поврзете на компјутер или уред за играње.

D Напојување

Поврзете го кабелот за напојување во ѕиден штекер. На панелот за приказ се појавува демонстрација. Притиснете I/⏻ за да го вклучите системот и демонстрацијата автоматски завршува. Ако доставениот адаптер на приклучокот за напојување не е соодветен за ѕидниот штекер, отстранете го од приклучокот (само за моделите опремени со адаптер).

Вметнување батерии

Вметнете ги двете доставени батерии R6 (големина AA), да одговараат на половите прикажани подолу.



Забелешки

- Не мешајте стари батерии со нови и не мешајте различни типови батерии.
- Ако не го користите далечинскиот управувач подолг временски период, отстранете ги батериите за да избегнете оштетување од протекување и корозија на батериите.

Прикачување на долниот панел

Може да го прикачите доставениот долен панел на дното на главниот уред за да го подигнете предниот панел и да ги олесните постапките.

1 Вметнете ги прицврстувачите од долниот панел на отворите на држачот на дното од главниот уред.



2 Вметнете ги клиновите на долниот панел на отворите од држачот. Потоа, притиснете го долниот панел додека не се заглави на главниот уред.



Поставување на звучниците

За да ги добиете најдобрите перформанси од системот, ви препорачуваме да ги поставите звучниците како што е прикажано подолу.

Ⓐ Уред
Ⓑ Звучник (лев)
Ⓒ Звучник (десен)



Поставување на часовникот

Не може да го поставите часовникот во режимот за штедење енергија.

1 Притиснете I/⏻ за да го вклучите системот.

2 Притиснете TIMER MENU.

Ако на панелот за приказ се појави „PLAY SET“, притискајте на ↑/↓ за да изберете „CLOCK SET“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да го поставите часот, потоа притиснете ⊕.

4 Притискајте на ↑/↓ за да ги поставите минутите, потоа притиснете ⊕.

Репродукција на диск/USB

Репродукција на диск

1 Притиснете CD.

2 Притиснете ⏏ OPEN/CLOSE на уредот.

3 Ставете диск со етикетата свртена нагоре на носачот на диск.



4 Притиснете ⏏ OPEN/CLOSE на уредот за да го затворите носачот на диск.

Не притискајте го носачот на диск насила да се затвори бидејќи тоа може да предизвика дефект.

5 Притиснете ► за да ја започнете репродукцијата.

Пред користење на USB-уредот со овој систем

Проверете ги веб-локациите подолу за информации околу компатибилните USB-уреди (страница 33).

Избор на извор за репродукција или дестинација на пренос (избор на USB-меморија)

Ако USB-уредот има повеќе memории (на пример, внатрешна меморија и мемориска картичка), може да изберете која меморија да се користи како извор за репродукција или дестинација на пренос.
Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

Забелешка

Не може да изберете меморија за време на репродукција или пренос. Изберете ја меморијата пред почетокот на репродукцијата или преносот.

1 Притискајте на USB/USB SELECT додека на панелот за приказ не засвети „USB A“ или „USB B“.

2 Поврзете го USB-уредот на портата ψ A или ψ B.

3 Притиснете OPTIONS кога репродукцијата е прекината.

4 Притиснете ↑/↓ за да изберете „USB MEM SEL“, потоа притиснете ENTER.

5 Притиснете ↑/↓ за да ја изберете саканата меморија, потоа притиснете ENTER.

Репродукција на USB-уред

Системот може да ги репродуцира следните формати на аудио:
– MP3: наставка на датотека „.mp3“,
– WMA: наставка на датотека „.wma“,
– AAC: наставка на датотека „.m4a“, „mp4“ или „.3gp“.

Ако аудиодатотеките ги имаат горенаведените наставки, но не се во соодветните формати, системот може да предизвика шум или да се предизвика дефект.

1 Притискајте на USB додека на панелот за приказ не засвети „USB A“ или „USB B“.

2 Поврзете USB-уред на портата ψ A или ψ B.



Забелешка

Може да користите адаптер за USB (не се доставува) за да го поврзете USB-уредот на главниот уред ако USB-уредот не може да се приклучи на портата ψ.

3 Притиснете ►.

Аудиодатотеките се репродуцираат во различен редослед, зависно од режимот на репродукција.

Барање песна или аудиодатотека

(Барање песна)

1 Притиснете SEARCH.

На панелот за приказ засветува „SEARCH“.

2 (Само за аудиодатотеки) Притиснете ↑/↓ за да ја изберете саканата папка, потоа притиснете ⊕ или ►.

3 Притиснете ↑/↓ за да ја изберете саканата песна или аудиодатотека, потоа притиснете ⊕ или ►.

Започнува репродукцијата на избраната песна или аудиодатотека.

Забелешки за дискот

- (За AUDIO CD) Овој систем може да препознае до 99 песни.
- (За MP3-дискови) Овој систем може да препознае до
  - 999 папки (вклучувајќи ја коренската папка),
  - 999 MP3-датотеки,
  - 250 MP3-датотеки во една папка,
  - 8 нивоа на папки (во структурата во форма на дрво за датотеките).
- Информациите за CD-TEXT не се поддржани.

Забелешки за USB-уредот

- Овој систем може да препознае до
  - 250 аудиодатотеки во една папка,
  - 3.000 аудиодатотеки во USB-уред,
  - 1.000 папки во USB-уред (вклучувајќи ја коренската папка).

Употреба на режим за репродукција

Репродукција по оригинален редослед (нормална репродукција)

Притискајте на PLAY MODE кога репродукцијата е прекината.

При репродукција на диск

- (празно): репродукција на диск
- FLDR*: репродукција на сите аудиодатотеки во папката на дискот

* При репродукција на AUDIO CD, „FLDR“ ја изведува истата постапка како режимот за репродукција „(празно)“.

При репродукција на USB-уред

- ALL USB: репродукција на сите USB-уреди
- 1 USB: репродукција на USB-уред
- FLDR: репродукција на сите аудиодатотеки во папката на USB-уредот

Репродукција по случаен редослед (репродукција по случаен избор)

Притискајте на PLAY MODE кога репродукцијата е прекината.

При репродукција на диск

- SHUF: репродукција на диск по случаен избор
- FLDR SHUF*: репродукција по случаен избор на сите аудиодатотеки во папката на дискот

* При репродукција на AUDIO CD, „FLDR SHUF“ ја изведува истата постапка како режимот за репродукција „SHUF“.

При репродукција на USB-уред

- ALL USB SHUF: репродукција по случаен избор на сите USB-уреди
- 1 USB SHUF: репродукција по случаен избор на USB-уред
- FLDR SHUF: репродукција по случаен избор на сите аудиодатотеки во папката на USB-уредот

Забелешка

Кога ќе го исклучите системот, избраниот режим за репродукција по случаен избор се брише и се враќа режимот за нормална репродукција.

Создавање сопствена програма (репродукција на програма)

Може да направите програма од најмногу 25 чекори во редоследот по којшто сакате да се репродуцираат.

1 За функцијата CD:

Притиснете CD за да ја изберете функцијата CD.

За функцијата USB:

Притискајте на USB за да го изберете саканиот USB-уред.

2 Кога репродукцијата е прекината, притискајте на PLAY MODE додека на панелот за приказ не се појави „PGM“.

3 (Само за аудиодатотеки) Притискајте на 🗀 +/– за да изберете папка.

Ако сакате да ги програмирате сите датотеки во папката, притиснете ⊕.

4 Притискајте на ⏮/⏭ за да ја изберете саканата песна или аудиодатотека, потоа притиснете ⊕.



„--.--“ се појавува кога вкупното време за репродукција е поголемо од 100 минути за AUDIO CD или кога програмирате аудиодатотеки.

5 Повторете ги чекорите 3-4 за да програмирате дополнителни песни или аудиодатотеки.

6 Притиснете ► за да ја започнете програмираната репродукција.

Бришење на последниот чекор од програмскиот список

Притиснете CLEAR кога е запрена репродукцијата.

Откажување репродукција на програма

Кога репродукцијата е прекината, притискајте на PLAY MODE додека „PGM“ не исчезне од панелот за приказ.

Забелешки

- (Само функцијата CD) Програмскиот список се брише кога ќе го отворите носачот на диск.
- (Само функцијата USB) Програмскиот список се брише кога ќе:
  – изведете постапка за бришење,
  – го отстраните USB-уредот,
  – го промените изборот на USB-меморија.

Постојана репродукција (повторена репродукција)

Притискајте на REPEAT.

- ⇄ : повторена репродукција на сите песни или аудио/датотеки во папка/диск/USB-уред
- ⇄1: повторена репродукција на песна или аудиодатотека

Забелешки за USB-уредот

- Редоследот на репродуцирање на системот може да се разликува од редоследот на репродуцирање на поврзаниот дигитален музички плеер.
- Не може да избришете аудиодатотеки и папки во режимот за репродукција по случаен избор или во режимот за нормална репродукција.

Пренос на USB

Пренос на музика

Може да пренесете музика од звучен извор до USB-уред што е поврзан на портата ψ B.

Форматот на аудио на датотеките што ги пренесува системот е MP3. Сепак, може да пренесете и WMA и AAC-датотеки од USB A.

Забелешки

- Не отстранувајте го USB-уредот за време на постапките на пренос и бришење. На тој начин може да ги оштетите податоците на USB-уредот или да го оштетите самиот USB-уред.
- Датотеките MP3/WMA/AAC се пренесуваат со истата бит-стапка како и оригиналните датотеки.
- При преносот од функцијата AUDIO CD, TUNER, TV/DVD/SAT или PC/GAME, може да ја изберете бит-стапката пред почетокот на преносот.
- Постапките за пренос и бришење на USB се исклучени кога е отворен носачот на диск.

Забелешка за заштитената содржина

Пренесената музика е ограничена само за лична употреба. За користење на музиката за други цели потребна е дозвола од сопствениците на авторските права.

Избор на извор за репродукција или дестинација на пренос (избор на USB-меморија)

Погледнете страница 14.

Избор на бит-стапката

Може да изберете повисока бит-стапка за пренос на музика со поголем квалитет.
Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Притиснете OPTIONS.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „REC BIT RATE“, потоа притиснете ENTER.

3 Притискајте на ↑/↓ за да ја изберете саканата бит-стапка, потоа притиснете ENTER.

- 128 KBPS: шифрираните MP3-песни имаат помала големина на датотеката и понизок квалитет на аудиото.
- 256 KBPS: шифрираните MP3-песни имаат поголема големина на датотеката, но и повисок квалитет на аудиото.

Пренос на музика од диск или USB-уред

Може лесно да ја пренесете сета музика на диск или од USB A на USB B (синхронизиран пренос). Исто така, може да пренесете една песна или аудиодатотека во текот на репродукцијата (Пренос REC1). Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Поврзете USB-уред што може да се пренесува на портата ψ B како што е прикажано подолу.



Забелешка

Може да користите адаптер за USB (не се доставува) за да го поврзете USB-уредот на главниот уред ако USB-уредот не може да се приклучи на портата ψ.

2 За диск:

Притиснете CD, потоа ставете го дискот.

За USB:

Притискајте на USB/USB SELECT додека на панелот за приказ не засвети „USB A“, а потоа поврзете USB-уред што сакате да го пренесете на портата ψ A.

3 За синхронизиран пренос:

Кога репродукцијата е прекината, притискајте на PLAY MODE на далечинскиот управувач за да го изберете саканиот режим на репродукција.

Забелешки

- Ако го започнете преносот во режим за репродукција по случаен избор („FLDR SHUF“), избраниот режим за репродукција автоматски се сменува во „FLDR“.
- Ако го започнете преносот во режим за репродукција по случаен избор (освен „FLDR SHUF“), режим за повторување или репродукција на програма без чекори, избраниот режим за репродукција автоматски се сменува во нормална репродукција.

За пренос REC1:

Изберете ја саканата песна или аудиодатотека за пренос, потоа започнете ја репродукцијата.

4 Притиснете REC TO USB B.

На панелот за приказ се појавува „PUSH ENTER“.

5 Притиснете ENTER.

Преносот започнува кога на панелот за приказ ќе се појави „DON’T REMOVE“.

За синхронизиран пренос:

Кога преносот ќе заврши, изворот на пренос и USB-уредот автоматски запираат.

За пренос REC1:

Кога преносот ќе заврши, дискот или USB-уредот продолжува со репродукцијата.

Пренос на аналогно аудио (аналоген пренос)

Може да пренесете звук од аналоген аудиоизвор (освен од функцијата CD, USB или *Bluetooth*) на USB-уред. Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Поврзете USB-уред што може да се пренесе на портата ψ B (страница 18).

2 Притискајте на TUNER/BAND или AUDIO IN за да го изберете изворот што сакате да го пренесете.

3 Притиснете REC TO USB B.

На панелот за приказ се појавува „PUSH ENTER“.

4 Притиснете ENTER.

Преносот започнува кога на панелот за приказ ќе се појави „DON’T REMOVE“.

5 Започнете ја репродукцијата на изворот.

Прекин на преносот

Притиснете ■.

Создавање нова MP3-датотека

Притиснете REC TO USB B за време на аналогниот пренос.
На панелот за приказ се појавува „NEW TRACK“.
Автоматски се создава и нова MP3-датотека по околу 1 час од преносот.

Забелешки

- Кога се создава нова MP3-датотека, преносот е привремено оневозможен.
- Ако во текот на неколку секунди повторно притиснете на REC TO USB B, не може да се создаде нова MP3-датотека.

Бришење аудиодатотеки или папки од USB-уредот

Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Притискајте на USB/USB SELECT додека на панелот за приказ не засвети „USB A“ или „USB B“ кога репродукцијата е прекината.

2 Притискајте на ⏮/⏭ или 🗀 +/– за да ја изберете аудиодатотеката или папката.

3 Притиснете OPTIONS.

4 Притиснете ↑/↓ за да изберете „USB ERASE“, потоа притиснете ENTER.

На панелот за приказ се појавува „FOLDER ERASE“ или „TRACK ERASE“.

5 Притиснете ENTER.

На панелот за приказ се појавува „COMPLETE“.

Правила за создавање папки и датотеки

Кога пренесувате на USB-уред, папката „MUSIC“ се создава директно под „ROOT“. Папките и датотеките се создадени во папката „MUSIC“ во согласност со начинот на пренос и изворот.

Синхронизиран пренос

Извор	Име на папката	Име на датотеката
Аудиодатотеки	Исто како изворот	
AUDIO CD	„CDDA0001“*	„TRACK001“*

Пренос REC1

Извор	Име на папката	Име на датотеката
Аудиодатотеки	„REC1-MP3“	Исто како изворот
AUDIO CD	„REC1-CD“	„TRACK001“*

Аналоген пренос

Извор	Име на папката	Име на датотеката
FM	„TUFM0001“*	„TRACK001“*
AM	„TUAM0001“*	
TV/DVD/SAT	„EXTD0001“*	
PC/GAME	„EXPG0001“*	

* Броевите на папките и датотеките понатаму се доделуваат сериски.

Забелешки за преносот

- Кога пренесувате (освен при аналоген пренос), не се емитува звук.
- Информациите CD-TEXT не се пренесуваат во создадените MP3-датотеки.
- Преносот прекинува автоматски ако:
  – во текот на преносот снема простор на USB-уредот;
  – бројот на аудио датотеки и папки на USB-уредот го достигнал ограничувањето.
- Ако папката или датотеката што се обидувате да ја пренесете веќе постои на USB-уредот со исто име, на името се додава последователен број, без притоа да се препише оригиналната папка или датотека.
- Не може да ги изведете следните постапки во текот на преносот:
  – исфрлање на дискот;
  – избор на друга песна или датотека;
  – пауза на репродукцијата или наоѓање точка во песната или датотеката;
  – промена на функцијата или опсегот на приемникот.
- Кога пренесувате музика на Walkman® користејќи „Media Manager for WALKMAN“, осигурете се дека пренесувате во форматот MP3.
- Кога поврзувате Walkman® на системот, поврзете откако приказот „Creating Library“ (Создавање библиотека) или „Creating Database“ (Создавање база на податоци) на Walkman® ќе исчезне.

Приемник

Слушање радио

1 Притискајте на FUNCTION за да изберете опсег на FM или AM.

2 Автоматско скенирање:

Притискајте на TUNING MODE додека на панелот за приказ не засвети „AUTO“. Потоа притиснете TUNING+/–.
Скенирањето автоматски прекинува кога ќе се најде станица. На панелот за приказ засветуваат „TUNED“ и „ST“ (само за FM-стерео програми).
Ако „TUNED“ не засвети и скенирањето не прекине, притиснете ■ за да го прекинете скенирањето. Потоа изведете рачно бирање (подолу).

Рачно бирање:

Притискајте на TUNING MODE додека „AUTO“ не исчезне од панелот за приказ.
Потоа притискајте на TUNING+/– за да ја вклучите саканата станица.

Забелешка

Кога ќе изберете FM-станица што нуди RDS-услуги, преносот дава информации како името на услугата или името на станицата. Може да ги проверите RDS-информациите со постојано притискање на DISPLAY.

Совет

За да го намалите статичкиот шум при слаб прием на FM-стерео станица, притискајте на FM MODE додека на панелот за приказ не засвети „MONO“.

Менување на интервалот на AM-бирање (Освен за европскиот модел)

Стандардната поставка за интервалот на AM-бирање е 9 kHz (или 10 kHz за некои области). Не може да го смените интервалот за AM-бирање во режимот за штедење енергија.
Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Притискајте на TUNER/BAND за да изберете опсег за AM.

2 Притиснете I/⏻ за да го исклучите системот.

3 Додека држите на OPTIONS, притиснете I/⏻.
На панелот за приказ се појавува „AM 9K STEP“ или „AM 10K STEP“. Кога ќе го смените интервалот, се бришат сите претходно поставени AM-станици.

Претходно меморирање радиостаници

Може да меморирате до 20 FM и 10 AM-станици како ваши омилени станици.

1 Изберете ја саканата станица.

2 Притиснете TUNER MEMORY.



3 Притискајте на TUNING+/– за да го изберете саканиот број за меморирање, потоа притиснете ⊕.
„COMPLETE“ се појавува на панелот за приказ. Станицата е меморирана.

Вклучување на веќе поставена станица

Притискајте на TUNING MODE додека на панелот за приказ не засвети „PRESET“. Потоа притискајте на TUNING+/– за да го изберете саканиот број за меморирање.

За безжичната технологија *Bluetooth*

Безжичната технологија *Bluetooth* е безжична технологија со краток опсег што овозможува безжична комуникација на податоци помеѓу дигитални уреди. Безжичната технологија *Bluetooth* работи во опсег од околу 10 метри (33 стапки).

Поддржана верзија, профили и кодекси на *Bluetooth*

Поддржана верзија на *Bluetooth*:
- *Bluetooth*, стандардна верзија 3.0 + EDR (зголемена стапка на податоци)

Поддржани профили на *Bluetooth*:
- A2DP (Профил за напредна дистрибуција на аудио)
- AVRCP 1.3 (Профил за далечинска контрола на аудио/видео)

Поддржани кодекси на *Bluetooth*:
- SBC (Кодекс за потпојас)
- AAC (Напредно шифрирање аудио)

Безжично слушање музика на уред со *Bluetooth*

Може да слушате музика од уредот со *Bluetooth* преку безжично поврзување.

Проверете ги веб-локациите подолу за информации околу компатибилните уреди со *Bluetooth* (страница 33).

За индикаторот BLUETOOTH

Индикаторот BLUETOOTH засветува или трепка сино за да го покаже статусот на *Bluetooth*.

Статус на системот	Статус на индикаторот
Подготвеност на *Bluetooth*	Трепка бавно
Спарување преку *Bluetooth*	Брзо трепка
Поврзување преку *Bluetooth*	Трепка
Поврзувањето преку *Bluetooth* е воспоставено	Засветува

Спарување на системот со уред со *Bluetooth*

Спарувањето е постапка при која уредите со *Bluetooth* се регистрираат еден со друг однапред. Откако ќе се изврши постапката на спарување, истата не треба да се повторува. Ако вашиот уред е паметен телефон што е компатибилен со NFC, постапката за рачно спарување не е потребна.

1 Поставете го уредот со *Bluetooth* на околу 1 метар (3 стапки) од системот.

2 Притиснете BLUETOOTH на уредот за да ја изберете функцијата *Bluetooth*.

„BLUETOOTH“ се појавува на панелот за приказ.

Забелешка

Ако системот е поврзан на уред со *Bluetooth*, притиснете BLUETOOTH за да го исклучите поврзувањето на уредот со *Bluetooth*.

3 Држете на BLUETOOTH на уредот за 2 секунди или подолго.

„PAIRING“ трепка на панелот за приказ.

4 Изведете ја постапката за спарување на уредот со *Bluetooth*.

За детали, погледнете во упатствата за употреба на уредот со *Bluetooth*.

5 Изберете го бројот на модел на уредот на екранот од уредот со *Bluetooth*.

На пример, изберете „SONY:SHAKE-5“.
Ако е потребен клуч за пристап на уредот со *Bluetooth*, внесете „0000“.

6 Изведете го поврзувањето преку *Bluetooth* на уредот со *Bluetooth*.

Кога ќе заврши спарувањето и ќе се воспостави поврзувањето преку *Bluetooth*, името на уредот со *Bluetooth* ќе се појави на панелот за приказ.
Зависно од уредот со *Bluetooth*, поврзувањето може да започне автоматски откако ќе заврши спарувањето.
Може да ја проверите адресата на уредот со *Bluetooth* со постојано притискање на DISPLAY.

Забелешки

- Може да спарите до 9 уреди со *Bluetooth*. Ако се спари 10. уред со *Bluetooth*, уредот што е поврзан прв ќе се замени со новиот уред.
- Зависно од уредот, „Passkey“ може да се нарекува „Passcode“, „PIN code“, „PIN number“ или „Password“ итн.
- Статусот на подготвеност за спарување на системот се откажува по околу 5 минути. Ако спарувањето е неуспешно, повторете од чекор 1.
- Додека е поврзан на уред со *Bluetooth* системот не може да се открие и не може да се воспостави поврзување од друг уред со *Bluetooth* што претходно никогаш не бил спарен.
- Ако сакате да спарите со друг уред со *Bluetooth*, повторете ги чекорите 1-6.

Откажување на постапката за спарување

Држете на BLUETOOTH на уредот 2 секунди или подолго додека на панелот за приказ не се појави „BLUETOOTH“.

Поврзување со паметен телефон со еден допир (NFC)

Со допирање на системот со паметен телефон што е компатибилен со NFC, системот се вклучува автоматски со функцијата *Bluetooth*, а потоа продолжува автоматски да ги заврши спарувањето и поврзувањето преку *Bluetooth*.

Што е „NFC“?

NFC (Near Field Communication -Комуникација на блиски полиња) е технологија што овозможува безжична комуникација на краток опсег помеѓу различни уреди, како мобилни телефони и IC-ознаки. Благодарение на функцијата NFC, комуникацијата со податоци може да се достигне лесно, само со допирање на означените точки на уредите што се компатибилни со NFC.

1 Преземете ја и инсталирајте ја апликацијата „NFC Easy Connect“.

Преземете ја бесплатната апликација за Android од Google Play пребарувајќи за „NFC Easy Connect“ или пристапете до неа со користење на дводимензионалниот код подолу. Може да се наплатат такси за комуникација со податоци.

Дводимензионален код* за директен пристап

* Користете апликација за читање дводимензионален код.

Забелешки

- Апликацијата може да не е достапна во некои земји/региони.
- Во зависност од паметниот телефон, може да ја користите функцијата NFC без инсталирање на апликацијата. Во овој случај, постапките и спецификациите може да се разликуваат. За детали, погледнете во упатствата за употреба на паметниот телефон.

Компатибилни паметни телефони

Паметни телефони со вградена функција NFC (ОС: Android 2.3.3 или понова верзија, со исклучок на Android 3.x)

2 Отворете ја апликацијата „NFC Easy Connect“ на паметниот телефон.

Осигурете се дека е прикажан екранот на апликацијата.

3 Допрете го паметниот телефон со ознаката N- на системот додека уредот не почне да вибрира.



Завршете го поврзувањето следејќи ги упатствата прикажани на паметниот телефон.
Кога поврзувањето преку *Bluetooth* е воспоставено, индикатор BLUETOOTH престанува да трепка и останува да свети. Името на уредот со *Bluetooth* се појавува на панелот за приказ.
Може да го смените звучниот извор од паметниот телефон на друг уред со *Bluetooth* што е компатибилен со NFC.
За детали, погледнете во упатствата за употреба на уредот со *Bluetooth*.

Совет

Ако спарувањето и поврзувањето преку *Bluetooth* се неуспешни, сторете го следново.
– Повторно отворете ја апликацијата „NFC Easy Connect“ и полека поместете го паметниот телефон преку ознаката N.
– Отстранете ја футролата од паметниот телефон ако користите футрола за паметни телефони што е комерцијално достапна.

Репродуцирање музика од уред со *Bluetooth*

Може да управувате со уред со *Bluetooth* преку поврзување на системот и уред со *Bluetooth* користејќи AVRCP.
Проверете го следново пред да репродуцирате музика:
– Функцијата *Bluetooth* на уредот со *Bluetooth* е вклучена.
– Дали е завршено спарувањето.

■ За уред со *Bluetooth*

1 Притиснете BLUETOOTH на уредот за да ја изберете функцијата *Bluetooth*.

„BLUETOOTH“ се појавува на панелот за приказ.

2 Воспоставете поврзување со уредот со *Bluetooth*.

Последниот поврзан уред со *Bluetooth* ќе се поврзе автоматски. Изведете го поврзувањето преку *Bluetooth* од уредот со *Bluetooth* ако уредот не е поврзан.
Откако поврзувањето ќе се воспостави, името на уредот со *Bluetooth* се појавува на панелот за приказ.

3 Притиснете ►.

Зависно од уредот со *Bluetooth*,
– можеби ќе треба да притиснете ► двапати;
– можеби ќе треба да ја започнете репродукцијата на аудиоизворот на уредот со *Bluetooth*.

Забелешки

- Кога системот не е поврзан на уред со *Bluetooth*, системот автоматски ќе се поврзе и ќе репродуцира од последниот поврзан уред со *Bluetooth* кога ќе притиснете ►.
- Ако се обидете да поврзете друг уред со *Bluetooth* со системот, ќе се исклучи поврзувањето со тековно поврзаниот уред со *Bluetooth*.

■ За паметни телефони што се компатибилни со NFC

Допрете го паметниот телефон со ознаката N на системот за да воспоставите поврзување преку *Bluetooth*.
Започнете ја репродукцијата на аудиоизвор на паметниот уред.
За деталите за репродукцијата, погледнете во упатствата за употреба на паметниот телефон.

Исклучување на поврзувањето на уредот со *Bluetooth*

■ За уред со *Bluetooth*

Притиснете BLUETOOTH на уредот.
„BLUETOOTH“ се појавува на панелот за приказ.
Зависно од уредот со *Bluetooth*, поврзувањето преку *Bluetooth* може да се откаже автоматски кога ќе ја запрете репродукцијата.

■ За паметни телефони што се компатибилни со NFC

Повторно допрете го паметниот телефон со ознаката N на системот.

Бришење на сите информации од регистрација на спарување

Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1 Притиснете BLUETOOTH за да ја изберете функцијата *Bluetooth*.

„BLUETOOTH“ се појавува на панелот за приказ.
Ако системот е поврзан на уред со *Bluetooth*, името на уредот со *Bluetooth* се појавува на панелот за приказ. Притиснете BLUETOOTH за да го исклучите поврзувањето со уредот со *Bluetooth*.

2 Држете на OPTIONS и PHASER околу 3 секунди.

„PAIR HISTORY“ и „CLEAR“ се појавуваат на панелот за приказ и сите информации за спарување се избришани.

Поставување на кодексите за аудио на *Bluetooth*

Не може да ги изберете кодексите за аудио на *Bluetooth* кога е поврзан уред со *Bluetooth* што поддржува напредно шифрирање аудио (AAC).

1 Притиснете OPTIONS на уредот.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „BT AAC“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „BT AAC ON“ или „BT AAC OFF“.

- BT AAC ON: напредно шифрирање аудио (AAC) е избрано ако уредот со *Bluetooth* поддржува AAC.
- BT AAC OFF: избран е кодекс на потпојас (SBC).

Забелешки

- Може да уживате во висококвалитетен звук ако е избран AAC. Ако не го слушате AAC-звукот од уредот, изберете „BT AAC OFF“.
- Ако ја смените оваа поставка додека системот е поврзан на уред со *Bluetooth*, ќе се исклучи поврзувањето на уредот со *Bluetooth*. За да го поврзете на уредот со *Bluetooth*, повторно изведете го поврзувањето преку *Bluetooth*.

Поставување/откажување на режимот на подготвеност на *Bluetooth*

Системот влегува во режим на подготвеност на *Bluetooth* и чека за поврзување преку *Bluetooth*, дури и ако системот е исклучен.

1 Притиснете OPTIONS на уредот.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „BT STANDBY“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „ON“ или „OFF“.

4 Притиснете I/⏻ за да го исклучите системот.

Кога е вклучен режимот на подготвеност на *Bluetooth*, системот ќе се вклучи автоматски кога ќе го воспоставите поврзувањето преку *Bluetooth* од уредот со *Bluetooth*.

Забелешка

Системот нема да влезе во режимот на подготвеност на *Bluetooth* ако ги избришете информациите за спарување.

Приспособување на звукот

За	Направете го ова
Засилување на басот и создавање помоќен звук	Притиснете BASS BAZUCA на уредот.
Намалување на звукот на бас (BASS CUT)	Држете на BASS BAZUCA на уредот 2 секунди или подолго. За да го откажете ефектот BASS CUT, повторно притиснете BASS BAZUCA. **Забелешки** • Индикаторот BASS BAZUCA трепка кога ефектот BASS CUT е вклучен. • Ефектот BASS CUT се исклучува автоматски кога ќе го исклучите системот.
Избор на претходно поставен звучен ефект	Притиснете MUSIC, MOVIE/GAME или FOOTBALL. За да го откажете претходно поставениот звучен ефект, притискајте на MUSIC за да изберете „FLAT“.

Создавање сопствен звучен ефект

Може да ги зголемите или намалите нивоата на одредени појаси на фреквенција, а потоа да ја зачувате поставката во меморијата како „USER EQ“.

1 Притиснете OPTIONS на уредот.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „EQ EDIT“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да го прилагодите нивото на стабилизаторот, потоа притиснете ⊕.



4 Повторете го чекорот 3 за да го прилагодите нивото на другите појаси на фреквенција и ефектот на опкружување.

Корисничката поставка за стабилизаторот е меморирана кога „USER EQ“ се појавува на панелот за приказ.

Вадење на корисничката поставка за стабилизаторот

Притискајте на MUSIC за да изберете „USER EQ“.

Создавање атмосфера на забава

(DJ EFFECT)

1 Притиснете го следното копче за да го изберете типот ефект.

Избраното копче засветува и ефектот е вклучен.

- FLANGER: Создајте длабок продорен ефект, сличен на бучењето на авион.
- ISOLATOR: Изолирајте одреден појас на фреквенција со прилагодување на другите појаси на фреквенција. На пример, кога сакате да се фокусирате на вокалот итн.
- SOUND FLASH: Брзо емитување на звукот. Звукот се прекинува периодично.
- PHASER: Создајте серија на врвови и падови во спектарот на фреквенции, како длабок ефект.

2 Притиснете DJ CONTROL +/– за да го прилагодите нивото на ефектот.

Исклучување на ефектот

Притиснете го копчето на избраниот ефект.

Забелешки

- DJ EFFECT се исклучува автоматски кога ќе го исклучите системот или ќе ја смените функцијата или појасот на приемникот.
- Ако вклучите DJ EFFECT во текот на пренос, звучниот ефект нема да се пренесе на уредот со USB.
- Не може да користите VOLUME/ DJ CONTROL на уредот за да ја прилагодите јачината на звукот кога е активирано DJ EFFECT. Притиснете VOLUME +/– на далечинскиот управувач за да ја прилагодите јачината на звукот.

Други постапки

Аматерско пеење

Може да потпевнувате со аудиоизворите што се репродуцираат на системов.

1 Поставете го MIC LEVEL на MIN за да го намалите нивото на јачина на звукот на микрофонот.

2 Поврзете микрофон на приклучокот MIC на уредот.

3 Започнете ја репродукцијата на музиката и прилагодете ја јачината на звукот.

4 Завртете го MIC LEVEL за да ја прилагодите јачината на звукот на микрофонот.

Ако се појави акустично враќање (завивање), намалете ја јачината на звукот, поместете го микрофонот подалеку од звучниците или сменете ја насоката на микрофонот. Откако ќе завршите, исклучете го микрофонот.

Забелешка

Звукот од микрофонот нема да се пренесе на уредот со USB во текот на преносот USB.

Промена на шемата на осветлување на звучниците и бојата

Притиснете LED PATTERN или LED COLOR за да ја изберете шемата на осветлување или бојата.

Притиснете LED PATTERN или LED COLOR за да се прикаже тековната поставка. Притиснете повторно за веднаш да ја смените шемата на осветлување и бојата на уредот и звучниците.

За да го исклучите осветлувањето, притискајте на LED PATTERN за да изберете „PATTERN OFF“.

Користење на тајмерите

Системот нуди три функции за тајмерот. Не може истовремено да ги вклучите тајмерот за репродукција и тајмерот за снимање. Ако ги користите со тајмерот за спиење, приоритет има тајмерот за спиење.

Тајмер за спиење

Може да заспиете додека слушате музика. Системот се исклучува после претходно поставеното време.

Притискајте на SLEEP.

За да го откажете тајмерот за спиење, притискајте на SLEEP за да изберете „SLEEP OFF“.

Совет

За да го проверите преостанатото време пред да се исклучи системот, притиснете SLEEP.

Тајмер за репродукција/тајмер за снимање

Проверете дали сте го наместиле часовникот.

Тајмер за репродукција:

Може да се разбудите со музика од диск, приемник или од USB-уред во претходно поставено време.

Тајмер за снимање:

Може да пренесете музика од меморирана радиостаница на USB-уред во одредено време.

1 За тајмерот за репродукција:

Подгответе го изворот на звук, потоа притиснете VOLUME +/– за да ја прилагодите јачината на звукот. Создајте своја програма за да започнете од одредена песна или датотека (страница 16).

За тајмерот за снимање:

Вклучување на меморирана радиостаница (страница 21).

2 Притиснете TIMER MENU.

3 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „PLAY SET“ или „REC SET“, потоа притиснете ⊕.

4 Поставете го времето за почеток на репродукцијата или преносот.

Притискајте на ↑/↓ за да ги поставите часот/минутите, потоа притиснете ⊕.

5 Користете ја истата постапка како во чекор 4 за да го поставите времето за прекин на репродукцијата или преносот.

6 Притискајте на ↑/↓ за да го изберете саканиот звучен извор, потоа притиснете ⊕.

За тајмерот за снимање:

Поврзете USB-уред што може да се пренесе на портата ψ B.

7 Притиснете I/⏻ за да го исклучите системот.

Проверка на поставката на тајмерот или повторно вклучување на тајмерот

1 Притиснете TIMER MENU.
„TIMER SELECT“ трепка на панелот за приказ.

2 Притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „PLAY SELECT“ или „REC SELECT“, потоа притиснете ⊕.

Откажување на тајмерот

Повторете ја истата постапка од погоре и изберете „TIMER OFF“ во чекор 3, а потоа притиснете ⊕.

Забелешки

- Системот се вклучува пред претходно поставеното време. Ако системот е вклучен во претходно поставеното време или ако „STANDBY“ трепка на панелот за приказ, тајмерот за репродукција и тајмерот за снимање нема да се репродуцираат ниту пренесат.
- Не ракувајте со системот од времето кога ќе се вклучи до времето додека не започне репродукцијата или преносот.

Промена на приказот

Промена на режимот на прикажување

Притискајте на DISPLAY кога системот е исклучен.

Демонстрација

Приказот се менува и индикаторот трепка дури и кога системот е исклучен.

Без приказ (режим на штедење енергија)

Екранот е исклучен за да се заштеди енергија. Тајмерот и часовникот продолжуваат да работат.

Часовник

Приказот на часовникот автоматски се префрла во режимот за штедење енергија по неколку секунди.

Промена на шемата на спектарот на панелот за приказ

1 Притиснете OPTIONS на уредот.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „SPECTRUM“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да ја изберете саканата шема на спектарот, потоа притиснете ⊕.

За да излезете од менито со опции, притиснете OPTIONS на уредот.

Преглед на информациите во панелот за приказ

Притискајте на DISPLAY кога системот е вклучен.

Може да ги видите информациите како што следува:

- За AUDIO CD:
  - изминатото време на репродукција и преостанатото време за репродукција во текот на репродукцијата;
  - вкупното време на репродукција кога репродукцијата е прекината.
- За аудиодатотеки:
  - изминатото време на репродукција, името на датотеката и името на папката;
  - насловот, изведувачот и информации за албумот.

Забелешка

Изминатото време на репродукција на аудиодатотека што е шифрирана со VBR (различна бит-стапка) не се прикажува правилно.

Употреба на изборна опрема

1 Притискајте на VOLUME – додека на панелот за приказ не се појави „VOLUME MIN“.

2 Поврзете изборна опрема (страница 11).

3 Притискајте на FUNCTION за да ја изберете функцијата што одговара на поврзаната опрема.

4 Започнете ја репродукцијата на поврзаната опрема.

5 Притискајте на VOLUME + за да ја прилагодите јачината на звукот.

Забелешка

(Само за европскиот модел)
Системот автоматски ќе влезе во режим за мирување ако нивото на јачината на звукот на поврзаната опрема е прениско. Прилагодете го нивото на јачина на звукот на опремата. За да ја исклучите функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност, погледнете „Поставување/откажување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност (Само за европскиот модел)“ (страница 32).

Деактивирање на копчињата на уредот

(Забрана за деца)

Може да ги деактивирате копчињата на уредот (освен I/⏻) за да спречите погрешна употреба, како што е детска грешка.

Држете на ■ на главниот уред подолго од 5 секунди.

„CHILD LOCK“ и „ON“ се појавуваат на панелот за приказ.
Може да ракувате со системот само со користење на копчињата на далечинскиот управувач.
За да откажете, држете на ■ на уредот подолго од 5 секунди додека „CHILD LOCK“ и „OFF“ не се прикажат на панелот за приказ.

Забелешка

Функцијата за забрана за деца ќе се откаже кога ќе го исклучите кабелот за напојување.

Поставување/откажување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност

(Само за европскиот модел)

Овој систем е опремен со функција за автоматско влегување во режимот на подготвеност. Со оваа функција, системот автоматски влегува во режимот на подготвеност ако во текот на 30 минути немало никаква постапка или излезен аудиосигнал.
Зададено, функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност е вклучена.

1 Притиснете OPTIONS на уредот.

2 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „AUTO STANDBY“, потоа притиснете ⊕.

3 Притискајте на ↑/↓ за да изберете „ON“ или „OFF“.

Забелешки

- Пораката „AUTO STANDBY“ трепка на екранот околу 2 минути пред системот да влезе во режимот на подготвеност.
- Функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност не работи во текот на функцијата на приемник.
- Системот нема да влезе автоматски во режимот на подготвеност во следните случаи:
  – кога ќе се открие аудиосигнал,
  – за време на репродукција на аудиодатотеки,
  – кога е во тек работа на веќе поставените тајмери за репродукција или за заспивање.

Дополнителни информации

Дискови што се репродуцираат

- AUDIO CD
- CD-R/CD-RW
  – аудиоподатоци
  – MP3-датотеки што одговараат на ISO9660 ниво 1/ниво 2 или Joliet (формат за наставки).

Забелешки

- MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3) е стандарден формат дефиниран од ISO (Меѓународна организација за стандардизација) што компримира аудиоподатоци. Датотеките MP3 мора да се во форматот MPEG 1 Audio Layer-3.
- Системот може да репродуцира само датотеки MP3 што имаат наставка на датотеката „.mp3“.

Дискови што не може да се репродуцираат

- CD-ROM
- CD-R/CD-RW што ги исполнува следните услови:
  – снимен во форматот MP3 PRO;
  – снимен со повеќе сесии што не се завршени со „затворање на сесијата“;
  – снимен со некомпатибилен уред за снимање;
  – со слаб квалитет на снимка;
  – со гребнатини или извалкан;
  – што не е финализиран правилно;
- дискови со нестандарден облик (на пример срце, квадрат, ѕвезда итн.);
- дискови на коишто е залепена леплива лента, хартија или лепенка;
- изнајмени или користени дискови со пломби каде што лепилото излегува околу пломбата;
- дискови со печатени ознаки направени со мастило лепливо на допир.

Забелешка за DualDiscs

DualDiscs е диск со две страни што репродуцира DVD-снимен материјал на едната страна и дигитален аудиоматеријал на другата страна. Сепак, не се гарантира неговата репродукција бидејќи страната за аудиоматеријал не е во согласност со стандардот Compact Disc (CD).

Музички дискови кодирани со технологиите за заштита на авторските права

Овој производ е дизајниран да репродуцира дискови кои соодветствуваат со стандардот Compact Disc (CD). Во последно време, некои продукциски куќи нудат на пазарот музички дискови што се шифрирани со технологиите за заштита на авторските права. Бидете свесни дека меѓу овие дискови постојат и такви што не одговараат на стандардот за CD и може да не се репродуцираат на производот.

Забелешки за репродукција на дискови со повеќе сесии

- Овој систем може да репродуцира дискови со повеќе сесии кога во првата сесија има MP3-датотека. Може да се репродуцираат и сите последователни MP3-датотеки што се снимени во подоцнежните сесии (ако подоцнежните сесии содржат формат AUDIO CD, системот не може да ги репродуцира овие дискови со повеќе сесии).
- Ако првата сесија е снимена во форматот AUDIO CD, ќе се репродуцира само првата сесија.

Веб-локации за компатибилни уреди

Проверете ги интернет страниците подолу за најновите информации за компатибилни USB-уред и уреди со *Bluetooth*.

За потрошувачите во Латинска Америка:
<http://esupport.sony.com/LA>
За потрошувачите во САД:
<http://www.esupport.sony.com/>
За потрошувачите во Европа:
<http://support.sony-europe.com/>
За потрошувачите во други земји/региони:
<http://www.sony-asia.com/support>

Решавање проблеми

Ако имате проблем со системот, пронајдете го истиот во списокот за решавање проблеми подолу и направете ја акцијата за поправка. Ако проблемот опстојува, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Имајте предвид дека ако сервисниот персонал смени некои делови за време на поправката, овие делови може да бидат задржани.

Ако на панелот за приказ се појавува „PROTECT EXX“ (X е број)

Веднаш извлечете го кабелот за напојување и проверете ги следните ставки.

- Дали ги користите само доставените звучници?
- Дали нешто ги блокира отворите за вентилацијата на уредот?

Откако ќе ги проверите горенаведените ставки и ќе ги решите проблемите, повторно приклучете го кабелот за напојување и вклучете го системот. Ако проблемот опстојува, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Општо

Системот влезе во режимот на подготвеност.

- Ова не е дефект. Системот автоматски влегува во режимот на подготвеност ако во текот на 30 минути немало никаква постапка или излезен аудиосигнал (страница 32).

Поставката на часовникот или тајмерот е откажана.

- Кабелот за напојување е исклучен или снемало струја. Повторно поставете ги часовникот (страница 13) и тајмерот (страница 29).

Нема звук.

- Прилагодете ја јачината на звукот.
- Проверете дали звучниците се поврзани (страница 11).
- Проверете го поврзувањето на изборната опрема, ако постои (страница 11).
- Вклучете ја поврзаната опрема.
- Нема емитување на аудио за време на тајмерот за снимање.

Нема звук од микрофонот.

- Прилагодете ја јачината на звукот на микрофонот.
- Проверете дали микрофонот е правилно поврзан со приклучокот MIC.
- Проверете дали е вклучен микрофонот.

Има сериозен шум или бучава.

- Поместете го системот подалеку од извори на бука.
- Поврзете го системот во друг ѕиден штекер.
- Поставете филтер за шум (достапен е комерцијално) на кабелот за напојување.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

Тајмерот не работи.

- Проверете ја поставката на тајмерот и поставете го точното време (страница 29).
- Откажете ја функцијата на тајмерот за спиење (страница 29).

Далечинскиот управувач не функционира.

- Отстранете ги пречките на патот помеѓу далечинскиот управувач и уредот.
- Поместете го далечинскиот управувач поблиску до уредот.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот на уредот.
- Заменете ги батериите (R6/големина AA).
- Оддалечете го уредот од флуоресцентното светло.

Има акустично враќање.

- Намалете ја јачина на звукот.
- Поместете го микрофонот подалеку од звучниците или сменете ја насоката на микрофонот.

„CHILD LOCK“ се појавува кога ќе притиснете кое било копче на уредот.

- Исклучете ја функцијата за забрана за деца (страница 31).

Звучници

Звукот доаѓа од еден канал или јачината на тонот одлево и оддесно не е рамномерна.

- Поставете ги звучниците што е можно посиметрично.
- Проверете дали звучниците се поврзани безбедно и правилно.
- Се репродуцира моно-извор.

Нема звук од одреден звучник.

- Проверете дали звучникот е поврзан безбедно и правилно.

Плеер за дискови

Носачот на диск не се отвора и на панелот за приказ се појавува „LOCKED".

- Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony или локалниот овластен сервис за Sony.

Носачот на диск не се затвора.

- Ставете го дискот правилно.

Дискот не се исфрла.

- Не може да го извадите дискот за време на CD-USB синхронизиран пренос или пренос REC1. Притиснете ■ за да го откажете преносот, потоа притиснете ⏏ OPEN/CLOSE на уредот за да го исфрлите дискот.
- Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Репродукцијата не започнува.

- Исчистете го уредот (страница 40).
- Повторно ставете го дискот.
- Ставете диск што системот може да го репродуцира (страница 32).
- Отстранете го дискот и избришете ја влагата од него, потоа оставете го системот вклучен неколку часа сè додека не испари влагата.

Звукот прескокнува.

- Исчистете го уредот (страница 40).
- Повторно ставете го дискот.
- Поставете го уредот на место каде што нема вибрации (на пример, врз стабилен држач).
- Поместете ги звучниците подалеку од уредот или поставете ги на засебни држачи. Кога слушате песна со звуци на бас со голема јачина на звукот, вибрацијата на звучникот може да предизвика прескокнување на звукот.

Репродукцијата не започнува од првата песна.

- Поставете го режимот за репродукција во режим за нормална репродукција (страница 15).

Името на папката, името на песната, името на датотеката и знаците на ознаката ID3 не се појавуваат правилно.

- Ознаката ID3 не е Верзија 1 (1.0/1.1) и Верзија 2 (2.2/2.3).
- Кодовите на знаци што системот може да ги прикаже се следните:
  – големи букви (A-Z);
  – броеви (0-9);
  – симболи (< > * +, [ ] \ _).
  Другите знаци се појавуваат како „_".

USB-уред

Преносот резултира со грешка.

- Користите неподдржан USB-уред. Проверете ги информациите на веб-локациите за компатибилните USB-уреди (страница 33).
- USB-уредот не е форматиран правилно. Погледнете во упатствата за употреба на USB-уредот за начинот на форматирање.
- Исклучете го системот и отстранете го USB-уредот. Ако USB-уредот има прекинувач за вклучување/исклучување, исклучете го и повторно вклучете го USB-уредот пред да го отстраните од системот. Потоа извршете го преносот повторно.

- Ако постапките за пренос и бришење се повторат неколку пати, структурата на датотеките од USB-уредот станува фрагментирана. Погледнете во упатствата за употреба на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.
- USB-уредот е исклучен или напојувањето е исклучено за време на преносот. Избришете ја делумно пренесената датотека и извршете повторен пренос. Ако ова не го реши проблемот, USB-уредот е можеби оштетен. Погледнете во упатствата за употреба на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Аудиодатотеките или папките на USB-уредот не може да се избришат.

- Проверете дали USB-уредот има заштита за пишување.
- USB-уредот е исклучен или напојувањето е исклучено за време на постапката за бришење. Избришете ја делумно избришаната датотека. Ако ова не го реши проблемот, USB-уредот е можеби оштетен. Погледнете во упатствата за употреба на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Нема звук.

- USB-уредот не е поврзан правилно. Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, потоа вклучете го системот и проверете дали „USB A“ или „USB B“ свети на панелот за приказ.

Има бучава, прескокнување или изобличен звук.

- Користите неподдржан USB-уред. Проверете ги информациите на веб-локациите за компатибилните USB-уреди (страница 33).
- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Самите музички податоци содржат бучава или звукот е изобличен. Шумот можеби е додаден за време на процесот на пренос. Избришете ја датотеката и обидете се со повторен пренос.
- Бит-стапката што е користена за кодирање на аудиодатотеките е ниска. Испратете аудиодатотеки со повисока бит-стапка до USB-уредот.

„READING“ се прикажува подолго време или е потребно подолго време за да започне репродукцијата.

- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи.
  – Постојат многу папки или датотеки на USB-уредот (страница 15).
  – Структурата на датотеките е премногу сложена.
  – Капацитетот на меморијата е надминат.
  – Внатрешната меморија е фрагментирана.

Се појавува „OVER CURRENT“.

- Откриен е проблем со нивото на електрична струја кај портата ⭠ A или портата ⭠ B. Исклучете го системот и отстранете го USB-уредот од портата. Проверете дали има проблем со USB-уредот. Контактирајте со најблискиот продавач на Sony ако шемата на приказот опстојува.

Погрешен приказ.

- Податоците складирани во USB-уредот можеби се расипани, изведете го преносот повторно.
- Кодовите на знаци што системот може да ги прикаже се следните:
  – големи букви (A-Z);
  – броеви (0-9);
  – симболи (< > * +, [ ] \ _).
  Другите знаци се појавуваат како „_“.

USB-уредот не се препознава.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на веб-локациите за компатибилните USB-уреди (страница 33).
- USB-уредот не работи правилно. Погледнете во упатствата за употреба на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Репродукцијата не започнува.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на веб-локациите за компатибилните USB-уреди (страница 33).

Репродукцијата не започнува од првата датотека.

- Поставете го режимот за репродукција во режим за нормална репродукција (страница 15).

Аудиодатотеката не може да се репродуцира.

- USB-уред форматиран со системи на датотеки кои се поинакви од FAT16 или FAT32 не се поддржани.*
- Не може да се репродуцира WMA-аудиодатотека што е во форматот WMA DRM, WMA Lossless или WMA PRO.
- Не може да се репродуцира AAC-аудиодатотека што е во форматот AAC DRM, AAC Lossless.
- Не може да се репродуцираат AAC-аудиодатотеки шифрирани при 96 kHz.
- Ако на USB-уредот што се користи постојат повеќе партиции, датотеките може да не се репродуцираат.
- Системот може да репродуцира само до длабочина од 8 папки.
- Датотеките кои се шифрирани или заштитени со лозинки итн., не може да се репродуцираат.
- Овој систем не може да репродуцира датотеки со заштита на авторските права DRM (Дигитално управување со правата).
- Аудиодатотеката MP3 PRO може да се репродуцира како MP3-аудиодатотека.

* Системот ги поддржува FAT16 и FAT32, но некој USB-уред може да не ги поддржува сите овие датотеки на FAT. За детали, погледнете во упатствата за употреба на секој USB-уред или контактирајте со производителот.

Приемник

Остар шум или бучава или не може да се примат станици. („TUNED“ или „ST“ трепка на панелот за приказ.)

- Поврзете ја антената правилно.
- Сменете ја локацијата на антената и нејзината насока за да добиете подобар прием.
- Поврзете надворешна антена што е комерцијално достапна.
- Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony ако доставената AM-антена е извадена од пластичниот држач.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

Уред со *Bluetooth*

Спарувањето не може да се направи.

- Поместете го уредот со *Bluetooth* поблиску до системот.
- Спарувањето можеби е невозможно ако околу системот се присутни други уреди со *Bluetooth*. Во тој случај, исклучете ги другите уреди со *Bluetooth*.
- Проверете дали сте го внеле правилниот клуч за пристап во уредот со *Bluetooth*.

Поврзувањето не е можно.

- Уредот со *Bluetooth* што сакавте да го поврзете не го поддржува профилот A2DP и не може да се поврзе со системот.
- Вклучете ја функцијата *Bluetooth* на уредот со *Bluetooth*.
- Воспоставете поврзување од уредот со *Bluetooth*.
- Информациите од регистрацијата на спарувањето се избришани. Повторно изведете ја постапката на спарување.
- Додека е поврзан на уред со *Bluetooth* системот не може да се открие и не може да се воспостави поврзување од друг уред со *Bluetooth* што претходно никогаш не бил спарен.
- Избришете ги информациите од регистрацијата на спарувањето од уредот со *Bluetooth* (страница 25) и повторно изведете ја постапката на спарување (страница 22).

Звукот прескокнува или варира или врската е загубена.

- Системот и уредот со *Bluetooth* се премногу оддалечени.
- Ако постојат пречки помеѓу системот и уредот со *Bluetooth*, отстранете ги или избегнете ги пречките.
- Ако во близина постои опрема што емитува електромагнетна радијација, како безжичен LAN, друг уред со *Bluetooth* или микробранова печка, поместете ги подалеку.

Звукот од уредот со *Bluetooth* не може да се чуе на системот.

- Прво зголемете ја јачината на звукот на уредот со *Bluetooth*, а потоа прилагодете ја јачината на звукот користејќи VOLUME +/–.

Има серозен шум, бучава или изобличен звук.

- Ако постојат пречки помеѓу системот и уредот со *Bluetooth*, отстранете ги или избегнете ги пречките.
- Ако во близина постои опрема што емитува електромагнетна радијација, како безжичен LAN, друг уред со *Bluetooth* или микробранова печка, поместете ги подалеку.
- Намалете ја јачината на звукот на поврзаниот уред со *Bluetooth*.

Ресетирање на системот

Ресетирајте го системот на фабричките зададени поставки ако не работи правилно.
Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1. Исклучете го кабелот за напојување и повторно вклучете го.
2. Притиснете I/⏻ за да го вклучите системот.
3. Држете на ■ и LED COLOR истовремено околу 3 секунди.
   На панелот за приказ се појавува „RESET“.
   Сите поставки што ги конфигурирал корисникот, како меморираните радиостаници, тајмерот и часовникот се ресетирани на фабричката зададена поставка.

Пораки

За време на постапката, на панелот за приказ може да се појави или да трепка една од следниве пораки.

CANNOT PLAY

Вметнат е диск што не може да се репродуцира.

DEVICE ERROR

USB-уредот не може да се препознае или е поврзан непознат уред.

DEVICE FULL

Меморијата на USB-уредот е полна.

FATAL ERROR

USB-уредот е отстранет во текот на преносот или постапката за бришење и може да е оштетен.

FOLDER FULL

Не може да пренесете на USB-уредот бидејќи е достигнат максималниот број на папки.

NO DEVICE

Нема поврзан USB-уред.

NO DISC

Во носачот нема диск.

NO MEMORY

Меморијата избрана за репродукција или пренос нема мемориски медиум вметнат во USB-уредот.

NO STEP

Избришани се сите програмирани чекори.

NO TRACK

Во системот не е вчитана датотека што може да се репродуцира.

NOT IN USE

Се обидовте да изведете постапка под услови при кои истата е забранета.

NOT SUPPORTED

Поврзан е неподдржан USB-уред или USB-уредот е поврзан преку центар за USB.

OFF TIME NG

Времето за вклучување и исклучување на тајмерот за репродукција и тајмерот за снимање се исти.

PROTECTED

USB-уредот има заштита за пишување.

PUSH STOP

Се обидовте да извршите постапка што може да се изврши само кога репродукцијата е прекината.

READING

Системот ги чита информациите на дискот или на USB-уредот. Некои постапки не се достапни.

REC ERROR

Преносот не започнал, прекинат е на пола пат или не може да се изведе од други причини.

STEP FULL

Се обидовте да програмирате повеќе од 25 чекори.

TRACK FULL

Не може да пренесете на USB-уредот бидејќи е достигнат максималниот број на датотеки.

UNLOCKED

Вклучена е функцијата на дискот за заштита од кражба.

Мерки за претпазливост

Кога го пренесувате уредот

Следете ја следната постапка за да го заштитите механизамот на дискот. Користете ги копчињата на уредот за да ја изведете оваа постапка.

1. Притиснете I/⏻ за да го вклучите системот.
2. Притиснете CD.
3. Отстранете го дискот.
   Притиснете ⏏ OPEN/CLOSE за да го отворите и затворите носачот на диск.
   Почекајте додека на панелот за приказ не се појави „NO DISC".
4. Држете на CD и FLANGER 3 секунди.
   На панелот за приказ се појавува „MECHA LOCK".
5. Извлечете го кабелот за напојување.

Забелешки за дисковите

- Пред репродуцирање, избришете го дискот со крпа за чистење од центарот кон рабовите.
- Не чистете ги дисковите со растворувачи како што се бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винилни плочи.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на топлотни извори како што се каналите за топол воздух или не оставајте ги во автомобил паркиран на директна сончева светлина.

Безбедност

- Целосно отстранете го кабелот за напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод) ако нема да го користите подолг временски период. Секогаш држете го приклучокот кога го исклучувате системот од напојување. Никогаш не извлекувајте го кабелот.
- Исклучете го системот и повикајте квалификувано лице да го провери пред да го користите пак ако цврст објект или течност навлегле во системот.
- (Само за потрошувачите во САД) Едниот забец на приклучокот е поширок од другиот од безбедносни причини и може да се вметне во ѕидниот приклучок на само еден начин. Ако не може целосно да го внесете приклучокот во штекерот, контактирајте со вашиот продавач.
- Кабелот за напојување со наизменична струја може да се замени само во квалификуван сервис.

Поставување

- Не поставувајте го системот во накосена положба или на места што се екстремно жешки, ладни, прашливи или влажни или немаат соодветна вентилација или се предмет на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога ги поставувате уредот или звучниците на површини коишто се особено третирани (на пример, восок, масло, средство за полирање) бидејќи како резултат може да се предизвикаат дамки или обезбојување на површината.
- Ако системот се внесува директно од ладно на топло место или се поставува во многу влажна просторија, влагата може да се кондензира на леќите во уредот и да предизвика дефект на системот. Во тој случај, извадете го дискот и оставете го системот вклучен околу еден час сè додека не испари влагата.

Акумулирање топлина

- Затоплувањето на уредот за време на работата е нормално и не е причина за аларм.
- Не допирајте го куќиштето ако се користи постојано со голема јачина на звукот затоа што е жешко.
- Не блокирајте ги отворите за вентилација.

За системот на звучници

Овој систем на звучници не е магнетно заштитен и сликата на блиските телевизори може да се искриви под влијание на магнетното поле. Во тој случај, исклучете го телевизорот, почекајте од 15 до 30 минути и вклучете го пак. Поставете ги звучниците подалеку од телевизорот ако нема подобрување.

Чистење на куќиштето

Чистете го овој систем со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент.
Не користете каков било вид абразивни перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како што се разредувачи, бензин или алкохол.

Комуникација преку *Bluetooth*

- Уредите со *Bluetooth* треба да се користат на околу 10 метри (33 стапки) (непречено растојание) еден од друг. Ефективниот опсег за комуникација може да стане пократок под следните услови:
  - кога некоја личност, метален објект, ѕид или друга пречка се наоѓа помеѓу уредите со поврзување преку *Bluetooth*;
  - локации каде што е инсталиран безжичен LAN;
  - околу микробранови печки што се користат;
  - локации каде што може да се појават други електромагнетни бранови.
- Уредите со *Bluetooth* и безжичниот LAN (IEEE 802.11b/g) го користат истиот појас на фреквенции (2,4 GHz). Кога го користите уредот со *Bluetooth* во близина на уред со способност за безжичен LAN, може да се појават електромагнетни пречки. Ова може да резултира со пониски стапки на пренос, шум и неможност за поврзување. Ако тоа се случи, обидете се со следново:
  - Обидете се да го поврзете системов со уред со *Bluetooth* кога сте оддалечени барем 10 метри (33 стапки) од опрема со безжичен LAN.
  - Исклучете го напојувањето на опремата со безжичен LAN кога го користите уредот со *Bluetooth* на растојание помало од 10 метри (33 стапки).
- Емитувањето радиобранови од системов може да пречи во работата на некои медицински уреди. Бидејќи овие пречки може да резултираат со дефект, секогаш исклучете го напојувањето на системов и уредот со *Bluetooth* на следните локации:
  - во болници, возови, авиони, бензински пумпи и на места каде што може да се присутни запаливи гасови;
  - во близина на автоматски врати или аларми за пожар.
- Системов поддржува функции за безбедност што се во согласност со спецификациите на *Bluetooth* како начин за осигурување безбедност за време на комуникација со користење на технологијата *Bluetooth*. Сепак, оваа безбедност може да е недоволна зависно од содржините на поставката и други фактори, затоа секогаш бидете внимателни кога изведувате комуникација со користење на технологијата *Bluetooth*.
- Sony не може во никој случај да биде одговорен за штети или друга загуба што настанале како резултат од протекување на информации за време на комуникација со користење на технологијата *Bluetooth*.
- Комуникацијата преку *Bluetooth* не е задолжително гарантирана со сите уреди со *Bluetooth* што го имаат истиот профил како системов.
- Уредите со *Bluetooth* што се поврзани со системот мора да се во согласност со спецификациите на *Bluetooth* што ги пропишува Bluetooth SIG, Inc. и мора да се потврди дека се соодветни. Сепак, дури и кога уредот е во согласност со спецификациите на *Bluetooth*, може да постојат случаи каде што карактеристиките или спецификациите на уредот со *Bluetooth* го прават поврзувањето невозможно или може да резултира со други начини на контрола, приказ или ракување.
- Може да се појави шум или аудиото може да е исечено во зависност од уредот со *Bluetooth*, што е поврзан со системот, од средината за комуникација или од условите на опкружувањето.

Спецификации

СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА АУДИО МОЌНОСТ

ИЗЛЕЗ НА МОЌНОСТ И ВКУПНА ХАРМОНИСКА ДИСТОРЗИЈА: (само моделот во САД)

Со оптоварувања од 4 оми, со активирани два канала, од 120 – 10.000 Hz; номинални 150 вати по канал за минимум RMS-моќност, со не повеќе од 0,7% вкупна хармонична дисторзија од 250 миливати на номиналната вредност на излезот.

Дел за засилувач

Следните се измерени кај
Модел за САД:
AC 120 V, 60 Hz
Модел за Мексико:
AC 120 V – 240 V, 60 Hz
Европски модел:
AC 220 V – 240 V, 50/60 Hz
Други модели:
AC 120 V – 240 V, 50/60 Hz
Високотонци/вуфери
Излезна моќност (номинално):
350 W + 350 W (со 4 оми, 1 kHz, 1% THD)
Излезна моќност RMS (референца):
600 W + 600 W (по канал со 4 оми, 1 kHz)
Сабвуфери
Излезна моќност (номинално):
350 W + 350 W (со 4 оми, 100 Hz, 1% THD)
Излезна моќност RMS (референца):
600 W + 600 W (по канал со 4 оми, 100 Hz)

Влезови

TV/DVD/SAT (AUDIO IN) L/R
Напон од 2 V, отпор од 47 килооми
PC/GAME (AUDIO IN) L/R
Напон од 2 V, отпор од 47 килооми
MIC
Чувствителност од 1 mV, отпор од 10 килооми
Порта ⚲ A (USB), ⚲ B (USB): Тип A

Дел за USB

Поддржана бит-стапка
WMA:
48 kbps – 192 kb/s, VBR, CBR
AAC:
48 kb/s – 320 kb/s, VBR, CBR
Одмерени фреквенции
WMA: 44,1 kHz
AAC: 44,1 kHz
Поддржан USB-уред
Класа на масовно складирање
Максимална струја
500 mA

Дел за плеер/USB

Поддржана бит-стапка
MPEG1 Layer-3:
32 kb/s – 320 kb/s, VBR
MPEG2 Layer-3:
8 kb/s – 160 kb/s, VBR
MPEG1 Layer-2:
32 kb/s – 384 kb/s, VBR
Одмерени фреквенции
MPEG1 Layer-3:
32 kHz/44,1 kHz/48 kHz
MPEG2 Layer-3:
16 kHz/22,05 kHz/24 kHz
MPEG1 Layer-2:
32 kHz/44,1 kHz/48 kHz

Дел за плеерот на дискови

Систем
компактен диск и дигитален аудиосистем

Својства на ласерската диода
Времетраење на емисија: продолжено
Излез за ласер*: Помалку од 44,6 μW

* Овој излез е мерка за вредност на растојание од 200 mm од површината на леќата на објективот на оптичкиот блок за прибирање со отвор од 7 mm.

Реакција на фреквенција
20 Hz – 20 kHz

Сооднос на сигнал наспроти шум
Повеќе од 90 dB

Динамички опсег
Повеќе од 88 dB

Дел за приемникот

Приемник за стерео FM, суперхетеродин FM/AM

Антена:
антена за FM
AM-врзувачка антена

Дел за FM-приемникот

Опсег на пребарување
Модел за САД:
87,5 MHz – 108,0 MHz (чекор од 100 kHz)
Други модели:
87,5 MHz – 108,0 MHz (чекор од 50 kHz)

Дел на AM-пребарувачот

Опсег на пребарување
Европски модел:
531 kHz – 1.602 kHz (чекор од 9 kHz)
Други модели:
531 kHz – 1.710 kHz (чекор од 9 kHz)
530 kHz – 1.710 kHz (чекор од 10 kHz)

Дел за *Bluetooth*

Систем за комуникација
Bluetooth, стандардна верзија 3.0 + EDR (зголемена стапка на податоци)

Излез
Bluetooth, стандардна класа за напојување 2

Максимален опсег за комуникација
Видна линија приближно 10 m[1)]

Појас на фреквенција
Појас од 2,4 GHz (2,4000 GHz – 2,4835 GHz)

Метод на модулација
FHSS

Компатибилни профили за *Bluetooth*[2)]
A2DP (Профил за напредна дистрибуција на аудио)
AVRCP 1.3 (Профил за далечинска контрола на аудио/видео)

Поддржани кодекси
SBC (Кодекс за потпојас)
AAC (Напредно шифрирање аудио)

[1)] Вистинскиот опсег може да се разликува во зависност од фактори како пречки помеѓу уредите, магнетно поле околу микробранова печка, статичен електрицитет, чувствителност на приемот, перформансите на антената, оперативниот систем, софтверска апликација итн.

[2)] Стандардните профили за *Bluetooth* ја покажуваат целта на комуникацијата преку *Bluetooth* помеѓу уредите.

Звучници

Систем на звучници
3-насочен, рефлекс на бас

Дел на звучник
Вуфери: 200 mm (8 инчи), конусен тип
Високотонци: 25 mm (1 инч), тип рог
Сабвуфери: 350 mm (14 инчи), конусен тип

Проценети пречки
4 оми

Димензии (ш/в/д) (прибл.)
490 mm × 660 mm × 360 mm
(19 3/8 инчи × 26 инчи × 14 1/4 инчи)
Маса (прибл.)
26,5 kg (58 lb 7 oz)
Количина: 2 парчиња

Општо

Побарувања за напојување
Модел за САД:
AC 120 V, 60 Hz
Модел за Мексико:
AC 120 V – 240 V, 60 Hz
Европски модел:
AC 220 V – 240 V, 50/60 Hz
Други модели:
AC 120 V – 240 V, 50/60 Hz
Потрошувачка на струја
370 W (0,5 W во режим на штедење енергија)
Димензии (ш/в/д) (без звучниците) (прибл.)
505 mm × 160 mm × 350 mm
(20 инчи × 6 3/8 инчи × 13 7/8 инчи)
Маса (без звучниците) (прибл.):
6,0 kg (13 lb 4 oz)

Испорачана дополнителна опрема
Далечински управувач (1)
Батерии R6 (големина AA) (2)
Антена за FM/AM-врзувачка антена (1)
Долен панел (1)

Дизајнот и спецификациите подлежат на промени без претходно известување.

http://www.sony.net/

©2013 Sony Corporation